Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Националниот превентивен механизам (НПМ) и одделението за заштита на Народниот правобранител на **04.11.2015 година** спроведе редовна посета на ЈЗУ Геронтолошки завод „13 Ноември“- Скопје, - Оддел „Мајка Тереза“ во Злокуќани. Посетата се спроведе заедно со членови на Националниот превентивен механизам од Австрија (во рамки на Твининг проектот за поддршка на институцијата Народен правобранител). Оваа посета беше реализирана и во соработка со Здружението на медицински сестри, техничари и акушерки на РМ Македонија.

При посетата НПМ тимот се водеше од Етичкиот кодекс на постапување со стари лица во кој се бара со истите да се постапува како со личност и да се почитуваат човековите права, да не се врши дискриминација, да има достапност до соодветна здрава храна, чиста вода, сместување, облека и здравствена заштита. Во рамките на овој кодекс се потенцира и користењето на соодветни видови на институционална и вонинституционална грижа. Исто така старите лица треба да бидат заштитени од било какви облици на физичко или психичко насилство, да ја знаат вистината доколку се во состојба самостојно да расудуваат и да ги изразуваат своите чувства на сопствен начин.

Јавната здравствена установа Геронтолошки завод „13 Ноември“ е специјализирана установа која спроведува здравствената заштита од областа на геријатриската и палијативната медицина, и е единствена од ваков вид во Република Македонија. Ја следи состојбата, проучува, евалуира, известува и планира проекција на идните здравствени потреби и функционалните онеспособености на старите лица во институцијата и надвор од институцијата. Одделот Мајка Тереза – Злокуќани обезбедува комплетно домување, сместување и исхрана, помош и нега на лицата кои не се во состојба за самозгрижување, здравствена заштита, организира културно-забавни активности и обезбедува услуги од областа на социјалната заштита и други услуги согласно потребите и барањата на корисниците.

Одделот „Мајка Тереза“ е со местоположба во Злокуќани, а располага со капацитет на сместување од 111 легла. Има женско одделение со капацитет од 27 легла(13 двокреветни и 1 еднокреветна соба), машко одделение со 26 легла, односно 13 двокреветни соби и комбиниран тракт со вкупен капацитет од 18 легла (четири трокреветни соби и три двокреветни соби).

Народниот правобранител- Националениот превентивен механизам оствари средба и оствари разговор со повеќе вработени кои во моментот на посетата беа на работното место, и оствари средба и разговори со повеќе корисници на установата. Во разговорот со дел од корисниците се доби податок дека тие ја препознаваат стручната работа на социјалниот работник и дека социјалниот работник работи индивидуално и

групно со пациентите и нивните семејства. Во текот на индивидуалниот третман социјалниот работник го воспоставува првиот контакт на корисникот со установата заедно со медицинските сестри и другите вработени, ја воспоставува врската со семејството на корисникот и Центарот за социјална работа, доколку лицето е препратено со решение од Центарот за социјална работа.

Од разговорот Националниот превентивен механизам доби информација дека корисниците се задоволни од персоналот и потврдија дека доволно се грижат за нив и се почитувани како личности. Сепак забележано е дека поради недостиг на соодветен персонал дел од здравите корисници се грижат и даваат нега на оние корисници кои се со потешка здравствена состојба. Дел од нив кажаа дека имаат добри услови за живеење, а еден дел не беа задоволни од материјалните услови за живење. Исто така дел од нив беа  задоволни од храната што ја добиваат, а неколку корисници не беа задоволни од истата. Неколку корисници кажаа дека количината на храната не е доволна.

Во однос на здравствената заштита, констатирано е дека корисниците правото на здравствена заштита целосно го остваруваат во Домот, односно истата се обезбедува преку координиран систем на лекари од соодветна специјалност. Корисниците имаат заеднички матичен лекар кој редовно доаѓа еднаш неделно и ги посетува, а по потреба пациентите се носат кај матичниот лекар, како и на соодветни спцијалистички прегледи. Корисниците кои имаат потреба од физикална терапија по препорака на физиотерапевт се носат во Кабинетот за физикална терапија во ЈЗУ „13 Ноември“, каде остануваат одреден временски период определен од страна специјалистот.

Условите на живеење на корисниците во Домот не се на задоволително ниво. Имено, објектот е од времен карактер, според информацииите од службените лица истиот е 50 години стар, кој воопшто не е реновиран. Тоалетите и тушевите се стари, нереновирани и истите не се адаптирани на потребите на оваа категорија на лица.

Од посетата беше констатирано дека корисниците се вклучени во работна терапија, согласно нивните потреби и интереси. Дел од корисниците имаат изработено ракотворби (сплетени милиња, џемпери, блузи, шалови, чорапи, нараквици и сл.) и исткаено дипли и килимчиња. Исто така дел од корисниците се вклучени во месење разни тестенини, односно подготвување на разни пецива. Вклученоста на корисниците зависи од пројавениот интерес, а според вработените во домот бројот на заинтересираните лица за работна терапија е недоволен, во однос на вкупниот број на корисници. Исто така, во Домот се почитуваат верските обичаи на корисниците, односно има посебен Оддел каде корисниците можаат да ги реализираат своите верски обичаи.

Како резултат на реализираната посета Националниот превентивен механизам подготви извештај во кој ги констатираше состојбите и даде соодветни препораки упатени до Министерството за труд и социјална политика и до директорот на јавната установа со цел да се елиминираат недостатоците и ризиците.